European Training Foundation

Working together
Learning for life



# НАЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА КАРИЕРНА ОРИЕНТАЦИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3 февруари 2022, 10ч (вебинар)**



# Законска рамка

- Клучни области:
  - Образование (основно, општо средно, средно стручно, високо, итн.)
  - Вработување (Агенција за вработување),
  - Млади
- Регулатива
  - Закони и дополнителни административни акти
  - Стратешки документи

# Законска рамка/образование

- Одредби за кариерна ориентација во неколку закони и стратешки документи:
  - Закон за основно образование,2019 (чл. 47): назначува надлежност на педагози и психолози во училиштата да работат на кариерна ориентација со ученици од 8мо и 9то одд.
  - Закон за стручно образование (чл. 32). Нов закон е во фаза на подготовка, кој ќе има зголемен фокус на кариерна ориентација.
  - Закон за високо образование, 2018 (чл. 68): бара секој универзитет да има барем по еден центар за кариера.
  - Закон за образование на возрасни (чл. 36)

# Законска рамка/образование

- Клучен стратешки документ: Стратегија за образование 2018-2025 (со акциски план)
  - известува за претходни активности во областа на кариерна ориентација/кариерен развој (КО/КР)
  - наведува КО приоритети по образовни области: основно, средно. стручно
- Извештај за спроведување на Стратегијата за образование 2018-2025, за 2019 и 2020 година
  - известува за напредок во КО во средно стручно (изработен водич, програма за кариерно планирање, итн.)

ETF Working together Learning for life
European Training Foundation

# Законска рамка/вработување

- Клучен системски закон – Закон за вработување (чл. 25, пар. 11)
- Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност: соддржи повеќе одредби кои се однесуваат на услуги на КО кои ги дава Агенција за Вработување (АВ) (дел 7, чл. 20-24).
  - Чл. 20 – дефинира кои услуги се кариерна/професионална ориентација ( тестирање, дискусија, давање информации за занимања, итн.)
  - Чл. 21 – дефинира корисници
  - Чл. 23 – ја упатува АВ на соработка со образовни и други институции,
  - Чл. 24 – утврдува дека АВ треба да му даде на корисникот препорака за работно место после спроведена КО

# Законска рамка/вработување

- Национална Стратегија за вработување 2021-2027
  - има фокус на КО, елаборира предизвици, КО е вграден во повеќе цели
- Оперативен план за активни мерки 2021
  - ја наведува КО во редовните услуги кои ги дава АВ

# Законска рамка/млади

- Закон за младинско учество и младински политики, 2020
  - има генерална одредба за КО
- Акциски план за вработување на млади 2016-2020
  - конкретен фокус на КО, со конректни буџетски алокации, итн.

# Активности и услуги/образование

- Програмата за професионална ориентација за ученици од 8мо и 9то одд е изработена во 2020
- Годишните програми за работа на многу основни училишта имаат дел за КО.
  - Активности:
    - работилници,
    - предавања,
    - проценка на способности,
    - посети,
    - кратки видеа со презентации на занимања,
    - итн.

# Активности и услуги/образование

- Општо средно и средно стручно:
  - во годишните програми за работа е предвидено КО
  - во дел од средните училишта има простории кои служат како центри за кариера
  - БИПО – мобилна апликација/веб страница
- Високо образование:
  - кариерни центри
  - веб услуги, информации
- Нема доволно јавни информации за конкретни активности кои се спроведуваат на годишно ниво, и бројки на корисници

# Активности и услуги/вработување

- Агенција за вработување
  - редовни услуги за КО (индивидуален план, советување, итн.)
  - Новата Стратегија за вработување 2021-2027 истакнува дека:
    - во 2019 повеќе од 95% од невработените (или околу 144.000 лица) “добиле информации за пазарот на труд и советување“ додека
    - КО услуга добиле само 3% (најмногу од нив млади), односно 4.281 лице
  - Порталот е-работа дава онлајн услуги (информации, личен акоунт, итн.)

# Активности и услуги/проекти

- Неколку големи ЕУ проекти во пошироката област:
  - *Sector Reform Contract EU for Youth (SRPC EU for Youth):* буџетска поддршка за реформа на стручно образование и младинска гаранција
  - *Increasing attractiveness, inclusiveness and relevance of VET and Adult Education Location -Europe (non-EU)/Republic of North Macedonia*
- Education4Employment (финансиран од SDC)
- УНДП работи со Агенција за вработување, конкретно и на јакнење на капацитет за КО

# Активности и услуги/проекти

- zanimanja.mk  (МТСП со поддршка од ИЛО)
- guide.me (поддршка од Град Скопје)
- mladihub (Национален младински совет/поддршка од Британска амбасада)
- итн.

- Приватен сектор (портали за барање работа, информации за пазар на труд, итн.)

# Технологија

- Голем број од услугите за засновани врз ИКТ
  - e-rabota.mk
  - zanimanja.mk
  - guide.me
- Користење на видео формат за давање на информации

- ИКТ-услугите вообичаено се во форма на само-услуга. Нема дополнителна поддршка, интегрирана услуга, итн.

# Клучни наоди и препораки

- Системот е во рана фаза на развој и нема согласност за концептот на кариерена ориентација.
  - ***Потребна е широка национална дебата со цел утврдување заедничка дефиниција за кариерна ориентација.***
- Нема конзистентна терминологија за кариерната ориентација. Различни закони и стратешки документи користат различна терминологија.
  - ***Потребна е координација околу клучната терминологија.***

ETF Working together Learning for life
European Training Foundation

# Клучни наоди и препораки

- Не постои заеднички концепт за компетенците на кариерните советници (премногу фокус на експертиза во психологијата, премалку на експертиза во областа на пазарот на труд)
    - ***Потребно е појаснување и утврдување на клучните компетенци.***

- Има многу малку податоци за конкретно извршена кариерна ориентација како и за нејзините ефекти.
    - ***Потребен е значителен мониторинг, репортинг, документирање, и евалуација на кариерната ориентација.***

# Клучни наоди и препораки

- Нема податоци како барателите на работа наоѓаат работа, каков тип на кариерен совет им треба и каде го наоѓаат.
  - ***Потребно е уште истражување по ова прашање, по можност базирано на лонгитудинални податоци кои би можеле да прикажат среднорочни трендови.***
- Има парцијални податоци за понудата за кариерна ориентација, меѓутоа нема податоци за побарувачката за кариерна ориентација.
  - ***Потребни се повеќе податоци за побарувачката за кариерна ориентација.***
- Нема доволно систематска обука за кариерни советници, особено во областа на образованието.
  - ***Потребна е масовна обука, које треба да се спроведе откако ќе се постигне сосласност околку концептите за дефиницијата на кариерната ориентација, и компетенциите на кариерните советници.***

European Training Foundation

Working together Learning for life

SECTION

# ВИ БЛАГОДАРИМЕ

risto.karajkov@deso.mk